08.07.25

Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката
СКОПЈЕ

| Примено: 08-07-2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Бро: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 4194 | | |

01.07.2025

# БАРАЊЕ ЗА УВИД И ДОБИВАЊЕ НА ДЕТАЛНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСНОВАТА НА ОПРЕДЕЛЕНИТЕ ВЛОЖУВАЊА

**До**:
АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката - Скопје
ул. „Орце Николов" бр. 138, Скопје

**Од**:
[redacted] ул. [redacted] бр. [redacted] Тетово

**Предмет**:
Барање за доставување на детална финансиска и техничка документација за вложувањата - по извршена уплата

**Врска**: УПбр.3007-481/ од 19.02.2025 година

Почитувани,

Во врска со Одлуката бр. 02-3669/5 од 09.06.2025 година и доставеното известување со кое сум задолжен да извршам уплата на износот од 4.903.584,00 денари, заради престанок на правото на користење на градежното земјиште на КП 4685/38 КО Тетово 2, Ве известувам дека уплатата ќе биде извршена во предвидениот рок, согласно наведеното во Одлуката, со цел да не се одложува понатамошната постапката за формирање на градежна парцела и за добивање на одобрение за градење.

Истовремено, Ве известувам дека уплатата ја вршам со резерва и задржано право на увид и детална проверка на законитоста и оправданоста на утврдениот износ.

Врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), Законот за облигациони односи и начелото на транспарентност на јавните средства, Ве молам да ми доставите копии од сите релативни документи кои се служеле како основа за утврдување на износот од 4.903.584,00 денари. Конкретно, барам:

- Фактури,
- Пресметки,
- Записници,
- Договори со изведувачи,
- И друга техничка или финансиска документација,

со детално објаснување за секој поединечен трошок (опис на услуга/ работа, датум, изведувач, износ и основ за извршување на работата).

Дополнително Ве известувам дека ја задржувам мојата законско право да побарам враќање на средства или ревизиа на износот, доколку се утврдат неправилности во приложената документациа.

Ве молам ова барање да го третирате како официјално и да доставите одговор во рок од 15 дена од денот на приемот на истото.

Со почит,

[redacted]

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

| наш знак | ваш знак | дата |
|---|---|---|
| 03-4194/6 | | 21-07-2025 |

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје, а во врска со барањето арх.бр.03-4194/1 од 08.07.2025 година го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.**Се прифаќа** барањето арх.бр. 03-4194/1 од 08.07.2025 година за пристап до информација од јавен карактер , а во врска со барање на увид и добивање на детална документација за основа на определени вложувања

2.Ова решение стапува на сила со денот на донесување

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со Вашето барање наш арх.бр.03-4194/1 од 08.07.2025 за пристап до Информации од јавен карактер, а во врска со со барање на увид и добивање на детална документација за основа на определени вложувања

Согласно податоците добиени од страна на Секторот за правни и општи работи , Ви го доставуваме следниот одговор:

Со Барање за согласност УП бр.3007-2/2025 од 31.01.2025 година за престанок на правото на користење на земјиште во државна сопственост, преку Министерството за финансии – Управа за имотно правни работи, Подрачно Одделение за првостепена управна постапка Тетово, се обратило лицето [redacted] заради оформување на парцела ГП 74.26 со вкупна површина од 1453 м2 КО Тетово 2.

По разгледување на целокупната документација, утврдено е дека барателот ги исполнува законските претпоставки за дооформување на парцелата, но дека Акционерското Друштво има вложувања во земјиштето и истите паѓаат на товар на новиот корисник. Согласно изготвените информации, а по увид во финансиската документација со која располагаат во Подружница Тетово, како вложувања се утврдени средства во вкупна висина од 4.903.584,00 денари.

Одборот на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје . го усвои барањето и донесе Одлука за давање согласност за престанок на правото на користење на земјиште во државна

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

сопственост КП бр.4685/38 (нова положба) гнз во површина од 236 м2 опишано во Имотен лист број 108541 КО Тетово 2 со право на користење на 198/236 идеален дел од ЈПССДП на РМ со бр.02-3669/5 од 09.06.2025 година. Со одлуката е регулирано дека Акционерското друштво го задржува правото на вложувања во земјиштето, а согласноста е дадена условно, односно одлуката ќе има правно дејство, по исплатата на паричните средства по основ на вложувања од стана на барателот за дооформување, па истиот е задолжен, вложувањата на Друштвото во парцелата во висина од вкупно 4.903.584,00 денари, да ги уплати на сметка на АД. за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, и истите се платени во рок.

Вложувањата кои АД ги побарало биле услов за давање согласност за престанок на корисничкото право и истите не произлегуваат од облигационен однос, туку е право кое произлегува од правото на користење на земјиштето и претставува вложувања на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје.

Согласно горе наведеното, барателот ги прифатил условите од Одлуката и постапил по истата, односно извршил уплата на средствата, со што се смета дека имотно правните односи со истиот се решени во целост, па сметаме дека барањето за достава на финансиска документација е неосновано.

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска